ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ИНФРАСТРУКТУРА КРАТОВО

Плоштад Маршал Тито " бб, 1360 Кратово
Контакт тел. 031/488-074; jp.kratovo@yahoo.com

J.П. за комунални дејности и инфраструктура „Кратово"
Бр. 04-1156/1
29.12.2021 год.
Кратово

Врз основа на член 20-г и 21 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18, 143/19 и 14/20), член 22 и 23 од Законот за работни односи(Сл.весник бр.167/15), Директорот на ЈП за комунални дејности и инфраструктура „Кратово" Кратово објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 03/2021

за вработување на неопределено време на помошно-техничко лице

**1.КДР 0401 А02 009 Електро одржувач**-помошно техничко лице во Одделение за управување на градски пазар, јавно осветлување и комунална хигиена, најмалку ниво на квалификации III, 180 кредити според ЕЦВЕТ или тригодишно средно образование од областа на електротехника, електромашинство, електроинсталатер со или без работно искуство во струката, основна нето плата: 15.194 денари, **еден (1) извршител**

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

**Кандидатите се должни да достават:**

-Пријава која може да ја подигнат од просториите на ЈП Кратово или веб страната www.jpkdikratovo.mk,
- доказ за завршено образование,
- лекарско уверение за општа работна способност,
-уверение за државјанство ( не постаро од 6 месеци)
-доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија дејност или должност (не постаро од 6 месеци).

Работно време 40 часа неделно од 7,30 до 15,30 часот од понеделник до петок.

**НАПОМЕНА:** Предвидени вработувања согласно годишниот план на институцијата за 2021 година се: Македонци(ка)

Јавниот оглас трае 5 (пет) работни дена сметано од денот на објавувањето на огласот во дневниот печат .

Изборот на кандидати ќе се изврши во рок од 45, 90 или 120 дена по истекот на рокот за пријавување во зависност од бројот на пристигнати пријави.

Постапката за избор на кандидатите ќе ја спроведе Комисија за селекција за постапка за вработување формирана од страна на Директорот на ЈП, која се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во јавниот оглас, проверка на приложените докази кон пријавата и интервју, а конечна одлука за избор ќе донесе Директорот. Пријавените кандидати ќе бидат известени за времето на

спроведување на интервјуто.
Ненавремено и нецелосно доставените пријави нема да се разгледуваат.
Заинтересираните кандидати пријавата со сите потребни документи (оригинал или заверени на нотар) треба да ги достават на адреса: ЈПКДИ Кратово, Плоштад Маршал Тито бб, Кратово– лично или преку пошта.Тел:031/488-074.

ЈП Кратово- Кратово

Директор

Тодорче Кировски